Република Северна Македонија
Republika e Maqedonise se Veriut
ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
QENDRA SHTETËRORE E PROVIMEVE
Бр.-Nr. 01 - 481/3
30 . 12 . 20 25 год.-viti
Скопје-Shkup

Република Северна Македонија

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР

# ПРОГРАМА
# ЗА РАБОТАТА НА ДРЖАВНИОТ ИСПИТЕН ЦЕНТАР
# ЗА 2026 ГОДИНА

*Скопје, декември 2025 година*

## СОДРЖИНА

1. ВОВЕД ... 3
2. ДЕЈНОСТ НА ЦЕНТАРОТ ... 4
3. ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ЦЕНТАРОТ ... 5
4. ПОСТОЈНА КАДРОВСКА СОСТОЈБА ... 6
5. ПРОГРАМСКИ ЗАДАЧИ НА ЦЕНТАРОТ ЗА 2026 ГОДИНА ... 8
5.1 ДРЖАВНА МАТУРА, ДРЖАВНА СТРУЧНА МАТУРА И ДРЖАВНА УМЕТНИЧКА МАТУРА ... 8
5.2 ДРЖАВНО ТЕСТИРАЊЕ ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ... 11
5.3 ОБУКИ И ИСПИТ ЗА КАНДИДАТИ ЗА ДИРЕКТОРИ И НАПРЕДНИ ОБУКИ ЗА ДИРЕКТОРИ НА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА, СРЕДНИ УЧИЛИШТА, УЧЕНИЧКИ ДОМОВИ И ОТВОРЕНИ ГРАЃАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТИ ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ ... 13
5.4 СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА НАСТАВНИЦИ И СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ ... 15
5.5 МЕЃУНАРОДНИ СТУДИИ ЗА МЕРЕЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ (PISA, TIMSS, PIRLS, TALIS, ICCS И ICILS) ... 17
5.6 НОРМАТИВНО-ПРАВНО РАБОТЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ... 24
5.7 ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ ... 25
5.8 ЗАЕДНИЧКИ И ОПШТИ РАБОТИ ... 26
6. СОРАБОТКА ... 28

**ПРИЛОГ:** ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТАТА НА ДРЖАВНИОТ ИСПИТЕН ЦЕНТАР ЗА 2026 ГОДИНА

## 1. ВОВЕД

Државниот испитен центар (во понатамошниот текст Центарот) е основан согласно Законот за Државниот испитен центар („Службен весник на Република Македонија" бр. 142/08, 148/09, 41/14, 55/16, 142/16 и 64/18). Центарот започна со работа како јавна установа со својство на правно лице на 20.11.2009 година. Надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за Центарот врши Министерството за образование и наука.

Државниот испитен центар е надлежен за: организирање и спроведување на екстерните испити на државната матура, спроведување меѓународни тестирања, спроведување државно тестирање, спроведување стручен испит за наставници и стручни соработници, оспособување на кандидатите за директори, како и за спроведување на испитот за директори на основни училишта, средни училишта, ученички домови и отворени граѓански универзитети за доживотно учење и стручно доусовршување на директорите.

Со Центарот управува Управен одбор, кој го сочинуваат претседател и шест члена. Претседателот и членовите на Управниот одбор ги именува Владата на Република Северна Македонија, имајќи ја предвид соодветната правична застапеност на припадниците на заедниците на чии јазици и писма се остварува наставата во основното и средното образование.

Со работата на Центарот раководи директор, кој е именувано лице од Владата на Република Северна Македонија, на предлог на министерот за образование и наука.

Директорот на Центарот има заменик, кој, исто така, е именувано лице од Владата на Република Северна Македонија.

Центарот има Стручен колегиум кој го сочинуваат директорот на Центарот, заменик-директорот на Центарот и раководителите на секторите, а по потреба и раководителите на одделенијата и други вработени кои ќе ги определи директорот на Центарот.

## 2. ДЕЈНОСТ НА ЦЕНТАРОТ

За остварување на работите од својот делокруг, Центарот, согласно Законот за Државниот испитен центар, Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење, Законот за основното образование, Законот за средното образование, Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта и подзаконските акти кои произлегуваат од нив:

- доставува до Државниот матурски одбор Предлог-концепција за матура и завршен испит во средното образование, предлог-прагови за преодна и одлична оценка за екстерните испити на матурата, како и други документи кои се во негова надлежност;
- изготвува тестови и други испитни материјали за општообразовните предмети од матурата, за сите видови образование, кои се реализираат екстерно;
- го развива и одржува информацискиот систем за вреднување на постигањата на учениците на екстерните испити во државната матура;
- им дава стручна поддршка на наставниците од областа на сумативното оценување на учениците, подготвува стручни материјали и врши обука на наставниците во врска со оценувањето на постигањата на учениците на испитите од матурата и завршниот испит;
- врши организациски и технички задачи за спроведувањето на екстерните испити од матурата;
- обезбедува тајност при подготовката, печатењето, дистрибуцијата и чувањето на испитниот материјал;
- го организира, спроведува и контролира процесот на оценување на тестовите од екстерните испити на матурата, како и процесот на решавање приговори;
- ги објавува резултатите од екстерните испити на матурата;
- врши стручно-административни и финансиски работи за потребите на Државниот матурски одбор;
- подготвува и спроведува меѓународни тестирања во согласност со пропишаните меѓународни процедури и соработува со меѓународни институции од областа на оценувањето;
- подготвува и реализира државни тестирања во основното и средното образование;
- изготвува и ревидира рамки за тестирања, тестови и други испитни материјали за предметите што се опфатени со државните тестирања;
- доставува до министерот Предлог-концепција за државните тестирања, со утврдени периоди, циклуси и области на тестирање;
- организира и спроведува стручен испит за наставници и стручни соработници од училиштата;
- издава уверенија за положен стручен испит;
- организира и спроведува основна обука за кандидатите за директори на основни училишта, средни училишта, ученички домови и отворени граѓански универзитети за доживотно учење;
- го спроведува испитот за директори на основни училишта, средни училишта, ученички домови и отворени граѓански универзитети за доживотно учење;
- им издава уверенија на кандидатите кои го положиле испитот за директори на основни училишта, средни училишта, ученички домови и отворени граѓански универзитети за доживотно учење;
- организира и спроведува напредна обука за директори на основни училишта, средни училишта, ученички домови и отворени граѓански универзитети за доживотно учење;
- учествува во изготвување годишна предлог-програма за професионално усовршување и напредување на наставниците и стручните соработници;
- ги објавува развојните и годишните програми за работа на училиштата, извештаите од спроведените самоевалуации и интегрални евалуации, извештаите од постигањата на учениците од училиштата на државни и меѓународни мерења, електронски, на посебен веб-портал;
- врши избор, распределба, обука и/или координација на соработници;
- изготвува и издава стручни материјали и стручна литература од делокругот на своето работење;
- учествува во изготвување законски и подзаконски акти од делокругот на своето работење;
- врши и други работи утврдени со закон и со Статутот на Државниот испитен центар.

При извршувањето на своите работи, Центарот соработува со научни установи, воспитно-образовни институции и други сродни установи и институции во државата и во светот.

Центарот навремено ја информира јавноста за извршувањето на својата дејност.

## 3. ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ЦЕНТАРОТ

Организацијата на Центарот е уредена врз основа на Законот за Државниот испитен центар, Статутот на Центарот и Правилникот за работа и внатрешна организација на Државниот испитен центар.

Организациската структура на Центарот е следната:

ОРГАНОГРАМ НА ДРЖАВНИОТ ИСПИТЕН ЦЕНТАР



## 4. ПОСТОЈНА КАДРОВСКА СОСТОЈБА

Во Центарот се вработени 26 лица кои се вклучени во организирање и спроведување на планираните програмски задачи.

Образовната структура на вработените во Центарот е следната:

| Стручна подготовка | Број на вработени |
|---|---|
| доктори на науки | 2 |
| магистри | 7 |
| високо образование | 12 |
| више образование | 0 |
| средно образование | 5 |
| основно образование | 0 |
| Вкупно | 26 |

Сите вработени, освен директорот и заменик-директорот кои се именуваат од Владата на Република Северна Македонија, се вработени на неопределено работно време.

| Структура на вработените по звање | Број на вработени |
|---|---|
| раководител на сектор | 1 |
| раководител на одделение | 4 |
| советник | 9 |
| виш соработник | 1 |
| соработник | 0 |
| помлад соработник | 3 |
| самостоен референт | 4 |
| виш референт | 1 |
| референт | 0 |
| помлад референт | 0 |
| помошно-технички лица за обезбедување објекти и опрема | 3 |
| Вкупно | 26 |

Поради сложената природа на работата во Центарот, а особено поради зголемениот обем на дејности на ДИЦ (организација и спроведување на стручниот испит за наставници и стручни соработници, како и организација и спроведување на државното тестирање во основното образование, вклучување во поголем број меѓународни тестирања и сл.), одделни задачи се преклопуваат во повеќе организациски единици (сектори и одделенија) на Центарот, што наметнува потреба од практикување тимска работа, односно соработка меѓу вработените.

Бидејќи Центарот се соочува со недостиг на кадар за непречена реализација на активностите, согласно неговите надлежности, се очекува во текот на 2026 година кадровски да се дополни со 8 (осум) вработувања, и тоа: **3 (три) на позицијата советник, 2 (две) на позицијата виш соработник, 1 (едно) на позицијата самостоен референт и 2 (две) на позицијата виш референт.**

Исто така, се предвидуваат и две унапредувања на вработени за позициите кои се неопходни за непречено функционирање на Државниот испитен центар.

За успешно реализирање на стратешките задачи на Центарот се наметнува потребата од постојано стручно усовршување, односно од вложување во развојот на знаењата и способностите на вработените, па затоа ќе се донесе и Програма за обуки на вработените во ДИЦ за 2026 година.

## 5. ПРОГРАМСКИ ЗАДАЧИ НА ЦЕНТАРОТ ЗА 2026 ГОДИНА

Државниот испитен центар во 2026 година својата темелна активност ќе ја насочи кон спроведување на следните глобални задачи:

- подготвување и спроведување на државната матура, државната стручна матура и државната уметничка матура;
- подготовка и реализирање на основна обука и испит за кандидатите за директори на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење;
- организација и спроведување на напредна обука за директори на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење;
- организација и спроведување на стручен испит за наставници и стручни соработници;
- подготовка и спроведување на државното тестирање во основното образование;
- реализација на меѓународните студии: PISA, TIMSS, PIRLS, TALIS, ICILS и ICCS;
- учество во подготвување измени и дополнувања на законски и подзаконски акти.

Програмските активности на Центарот, како јавна установа, ќе се спроведуваат согласно приоритетните политики на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за образование и наука.

Државниот испитен центар својата работа ја организира и врши преку организациски единици – сектори и одделенија. Во продолжение, подетално ќе бидат прикажани активностите на Центарот за 2026 година. Секој од овие делови е опишан преку следните елементи: цели, кои ги претставуваат очекувањата од работата на секторите, опис на активностите преку кои ќе се остварат предвидените цели, индикатори за постигнување на резултатите–каде што се претставени излезните очекувања преку кои ќе може да се оценува успешноста на постигнувањето на резултатите, како и временската рамка за реализација.

## 5.1 ДРЖАВНА МАТУРА, ДРЖАВНА СТРУЧНА МАТУРА И ДРЖАВНА УМЕТНИЧКА МАТУРА

Главни приоритети во текот на 2026 година ќе бидат спроведувањето на државната матура, државната стручна матура и државната уметничка матура во јунскиот и во августовскиот испитен рок, како и имплементацијата на новата Концепција за испити на крајот на четиригодишното средно образование, односно подготовката и реализацијата на сите активности поврзани со новите форми на испити.

Во спроведувањето на државната матура, државната стручна матура и државната уметничка матура ќе се реализираат повеќе активности, како што се: изготвување испитни материјали за сите екстерни испити во рамките на државната матура, државната стручна матура и државната уметничка матура за двата испитни рока (јунски и августовски); организација и спроведување на оценувањето, обработка на податоците и објавување на резултатите; решавање приговори по резултатите од испитите што се реализираат екстерно во рамките на државната матура, државната стручна матура и државната уметничка матура; изготвување прирачен материјал за успешно полагање на државната матура, државната стручна матура и државната уметничка матура; ревидирање на дел од постоечките испитни материјали со квалитативна цел, како и подготовка на извештаи од спроведувањето на државната матура, државната стручна матура и државната уметничка матура.

Активностите на Државниот испитен центар во врска со државната матура, државната стручна матура и државната уметничка матура во 2026 година ќе бидат насочени кон постигнување на следните цели:

- изработка на испитен материјал и концепциски документи потребни за реализација на државната матура, државната стручна матура и државната уметничка матура;
- подготовка и спроведување на сите екстерни испити во предвидените испитни рокови;
- спроведување обука на новата државна матурска предметна комисија за изготвување испитен материјал по Историја;
- реализација на предвидените обуки со активните учесници во спроведувањето на државната матура, државната стручна матура и државната уметничка матура;
- градење систем за транспарентно информирање на сите чинители кои учествуваат во процесот на државната матура, државната стручна матура и државната уметничка матура, како и во другите видови испити кои се реализираат на крајот на средното образование на училишно ниво;

- подигање на свеста за значењето на успешно спроведена државна матура, државна стручна матура и државна уметничка матура кај чинителите кои учествуваат во процесот на реализација.

Центарот планира и ќе спроведува обуки и средби со наставниот кадар на теми што произлегуваат од надлежностите предвидени со закон, со цел унапредување на образовниот процес.

**Активностите** кои се однесуваат на реализацијата на државната матура во 2026 година се:

- подготвување по три испитни комплети за 12 екстерни испити за државната матура (за јунскиот испитен рок, августовскиот испитен рок и резервен тест) на четири наставни јазици (македонски, албански, турски и српски јазик), односно вкупно на четирите јазици околу 36 теста;
- подготвување по три испитни комплети за 5 екстерни испити за државната стручна матура (за јунскиот испитен рок, августовскиот испитен рок и резервен тест) на три наставни јазици (македонски, албански и турски), односно вкупно на трите јазици околу 15 теста;
- подготвување по три испитни комплети за 4 екстерни испити за државната уметничка матура (за јунскиот испитен рок, августовскиот испитен рок и резервен тест) на два наставни јазици (македонски, и албански), односно вкупно на двата јазици околу 8 теста;
- спроведување обука на државната матурска предметна комисија по Историја за изготвување испитен материјал;
- изработка на конечни верзии на околу 60 теста;
- подготовка на материјали за печатење и пакување на испитниот материјал за 12 екстерни испити од државната матура на четири наставни јазици (македонски, албански, турски и српски јазик), за 5 екстерни испити од државната стручна матура на три наставни јазици (македонски, албански и турски јазик) и за 4 екстерни испити од државната уметничка матура на два наставни јазици (македонски и албански јазик) за јунскиот испитен рок;
- печатење околу 40 000 теста, околу 40 000 листи за ученик и околу 40 000 листи за оценувач, како и дополнителни формулари и упатства;
- пакување на испитниот материјал за јунскиот испитен рок и за августовскиот испитен рок;
- шифрирање на испитниот материјал;
- подготовка на План на локации за реализација на екстерните испити од државната матура, државната стручна матура и државната уметничка матура и План за дистрибуција на испитниот материјал за јунскиот и за августовскиот испитен рок;
- подготовка на апликации за државна матура, државна стручна матура, државна уметничка матура за јунскиот испитен рок и апликации за државна матура, државна стручна матура и државна уметничка матура за августовскиот испитен рок;
- верификација на конечните списоци на пријавени кандидати за јунскиот и за августовскиот испитен рок;
- креирање, проверка и печатење на околу 2 000 протоколи и околу 150 000 бар-кодови за јунскиот и за августовскиот испитен рок;
- доставување распоред на кандидати по испитни простории, по предмет и училиште за јунскиот и за августовскиот испитен рок;
- обука на секретари на училишни матурски комисии;
- обука на тестатори за спроведување на државната матура, државната стручна матура и државната уметничка матура;
- обука на наставници за оценување на екстерните испити во рамките на државната матура, државната стручна матура и државната уметничка матура;
- верификација на внесените податоци и распределба на околу 2 000 тестатори и околу 300 набљудувачи по училишта во јунскиот и во августовскиот испитен рок;
- создавање околу 60 шаблони за реализација на екстерните испити од јунскиот и од августовскиот испитен рок од државната матура, државната стручна матура и државната уметничка матура;
- спроведување на сите фази во процесот на избор на оценувачи за сите екстерни испити;
- оценување на тестовите од екстерните испити од јунскиот и од августовскиот испитен рок;
- скенирање на околу 80 000 листи од ученик и листи од оценувач, верификација и корекција на скенираниот материјал од јунскиот и од августовскиот испитен рок;
- утврдување на процесот на праг на положеност и запишување оценки и перцентили за екстерните испити од државната матура, државната стручна матура и државната уметничка матура;

- планирање, организација и реализација на процесот на приговори;
- обработка на податоците и изготвување извештаи за реализираната државна матура, државна стручна матура и државна уметничка матура.

**Индикатори за постигнување на резултатите:**

- подготвени испитни материјали за околу 60 теста;
  - Време на реализација: декември 2025 година – јуни 2026 година.
- подготвени и пуштени во употреба апликации за внесување на кандидатите за полагање државна матура, државна стручна матура и државна уметничка матура;
  - Време на реализација: декември 2025 година – јули 2026 година.
- верифицирани конечни списоци на пријавени околу 20 000 кандидати за државна матура, државна стручна матура и државна уметничка матура;
  - Време на реализација: февруари – август 2026 година.
- спроведена обука за изготвување испитен материјал на државната матурска предметна комисија по Историја;
  - Време на реализација: февруари – март 2026 година.
- испечатени и спакувани околу 40 000 теста, листи за ученик и листи за оценувач;
  - Време на реализација: јануари – август 2026 година.
- обучени оценувачи;
  - Време на реализација: март – мај 2026 година.
- обучени тестатори;
  - Време на реализација: мај 2026 година.
- обучени секретари на УМК за внесување на тестаторите;
  - Време на реализација: март 2026 година.
- внесени и распределени околу 2 000 тестатори и околу 300 набљудувачи по училишта;
  - Време на реализација: март – август 2026 година.
- избрани околу 220 оценувачи за екстерните испити;
  - Време на реализација: април – мај 2026 година.
- оценети околу 40 000 теста, скенирани околу 40 000 листи од ученици и околу 40 000 листи од оценувачи; коригирани и верификувани скенирани податоци од листи;
  - Време на реализација: јуни – август 2026 година.
- објавени прелиминарни резултати од јунскиот и од августовскиот испитен рок;
  - Време на реализација: јули – август 2026 година.
- објавени резултати од приговорите на кандидатите од јунскиот и од августовскиот испитен рок;
  - Време на реализација: јули – август 2026 година.
- обработени податоци од екстерните испити од државната матура, државната стручна матура и државната уметничка матура по предмети од јунскиот и августовскиот испитен рок;
  - Време на реализација: септември – октомври 2026 година.
- подготвен и објавен Извештај од реализирана државна матура, државна стручна матура и државна уметничка матура;
  - Време на реализација: септември – декември 2026 година.
- обучени секретари на УМК за реализација на државната матура, државната стручна матура и државната уметничка матура во 2026 година.
  - Време на реализација: декември 2026 година.

## 5.2 ДРЖАВНО ТЕСТИРАЊЕ ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Државниот испитен центар во 2026 година ќе преземе низа активности со цел државното тестирање во основното образование да биде успешно и квалитетно реализирано.

Согласно Законот за основното образование („Службен весник на РСМ" бр. 161/19), членот 133, ставот 1: „Остварувањето на стандардите на постигнувања во текот на основното образование се проверува со државно тестирање кое се спроведува од Државниот испитен центар.", Државниот испитен центар во 2020 година на министерот за образование и наука му предложи Концепција за државно тестирање во која се опфатени периодите, циклусите и областите за државните тестирања, како и репрезентативниот примерок на ученици. Основна цел на државното тестирање е, со користење стандардизирани процедури и инструменти, да даде објективни и веродостојни податоци за остварување на стандардите на постигањата на учениците за наставните подрачја и наставните предмети кои се од особена важност во текот на основното образование. Таквите податоци ќе обезбедат докази за развој и унапредување на образовните политики во РСМ во насока на достигнување на современите светски образовни стандарди.

Согласно Концепцијата, во 2026 година ќе се спроведе прочистување на базите на податоци од пробното тестирање во трето одделение од 2025 година, анализа на податоците, подготовка и реализација на главното тестирање во трето одделение, како и дисеминација на Извештајот од главното тестирање во петто одделение.

**Активности:**

Државниот испитен центар во 2026 година ќе преземе низа активности насочени кон постигнување на предвидените цели на државното тестирање во трето одделение и во петто одделение, односно:

1. Прочистување и анализа на податоците од пробното тестирање во 2025 година во трето одделение
  - прочистување на базите на податоци од пробното тестирање по мајчин јазик (Македонски јазик и Албански јазик) и Математика;
  - анализа на податоците од тестовите;
  - избор на ајтеми со добри мерни карактеристики.
2. Организација и спроведување на главното тестирање во трето одделение
  - ревидирање на рамките за оценување по мајчин јазик и Математика согласно резултатите од преттестирањето;
  - прибирање податоци и избор на примерок за главното тестирање;
  - подготовка на прашалниците за училиштата, наставниците, учениците и родителите за главното тестирање во трето одделение;
  - подготовка на упатства за училишните координатори и тестатори;
  - обука на училишните координатори, тестатори и директори за спроведување на тестирањето;
  - подготовка на софтвер за внесување податоци од тестирањето;
  - редовна комуникација со основните училиштата, прибирање податоци и избор на примерок на ученици;
  - подготовка на дизајнот на тестовите за главното тестирањето;
  - графичко уредување и печатење на тестовите и прашалниците;
  - пакување и дистрибуција на испитните материјали;
  - реализација на главното тестирање и прибирање на материјалите;
  - обука на оценувачите и спроведување на оценувањето;
  - внесување и прочистување на податоците од тестовите и прашалниците од главното тестирање;
  - отпочнување на анализата на податоците од главното тестирање.
3. Организација на преттестирање во 2027 година
  - подготовка на рамки за оценување за преттестирањата што ќе се спроведат во 2027 година за наставните предмети мајчин јазик (Македонски јазик и Албански јазик) и Математика;
  - обука за изработка на задачи и тестови за преттестирањето што ќе се спроведе во 2027 година по наставните предмети мајчин јазик (Македонски јазик и Албански јазик) и Математика (на македонски и на албански јазик).
4. Дисеминација на Извештајот од главното тестирање во петто одделение
  - анализа на податоците по училишта и подготовка на извештаи по училишта;
  - дисеминација на резултатите од главното тестирање во петто одделение;
  - транспарентно и сеопфатно информирање на пошироката јавност за целите и резултатите од државното тестирање.
5. Подготовки за електронско државно тестирање

- соработка со одговорните лица од „Проектот за унапредување на основното образование", во чии рамки е предвидена набавка на соодветен софтвер за електронско државно тестирање.

**Индикатори за постигнување на резултатите:**

- прочистени бази на податоци од тестовите од пробното тестирање во трето одделение;
    - Време на реализација: јануари – февруари 2026 година.
- анализирани податоци од тестовите од пробното тестирање во трето одделение;
    - Време на реализација: февруари – мај 2026 година.
- ревидирана Рамка за оценување во трето одделение;
    - Време на реализација: март – мај 2026 година.
- избрани ајтеми за главното тестирање во трето одделение;
    - Време на реализација: април – јуни 2026 година.
- подготвени прашалници за училиштата, наставниците, учениците и родителите;
    - Време на реализација: февруари – април 2026 година.
- подготвени упатства за училишните координатори и тестатори;
    - Време на реализација: април – мај 2026 година.
- обучени училишни координатори, тестатори и директори за спроведување на тестирањето;
    - Време на реализација: мај – август 2026 година.
- подготвен дизајн на тестовите за главното тестирање во трето одделение;
    - Време на реализација: февруари – август 2026 година.
- подготвен софтвер за внесување податоци од главното тестирање во трето одделение;
    - Време на реализација: март – септември 2026 година.
- прибрани податоци и избран примерок на ученици за главното тестирање во трето одделение;
    - Време на реализација: март – јуни 2026 година.
- графички уредени и испечатени тестови и прашалници за главното тестирање во трето одделение;
    - Време на реализација: јули – септември 2026 година.
- спакувани и дистрибуирани испитни материјали;
    - Време на реализација: септември 2026 година.
- реализирано главно тестирање во трето одделение и прибрани испитни материјали;
    - Време на реализација: септември – октомври 2026 година.
- обучени оценувачи и спроведено оценување;
    - Време на реализација: октомври – ноември 2026 година.
- внесени и прочистени податоци од тестовите и прашалниците од главното тестирање во трето одделение;
    - Време на реализација: октомври – декември 2026 година.
- дисеминирани резултати од главното тестирање во петто одделение;
    - Време на реализација: континуирано во 2026 година.
- анализирани податоци по училишта и изготвени извештаи по училишта од главното тестирање во петто одделение;
    - Време на реализација: континуирано во 2026 година.
- транспарентно и сеопфатно информирана јавност за целите и резултатите од државното тестирање;
    - Време на реализација: континуирано во 2026 година.
- подготовени рамки за оценување за преттестирањата во 2027 година по наставните предмети мајчин јазик (Македонски јазик и Албански јазик) и Математика;
    - Време на реализација: ноември – декември во 2026 година.
- одржана обука за изработка на задачи за наставните предмети мајчин јазик (Македонски јазик и Албански јазик) и Математика (на македонски и на албански јазик);
    - Време на реализација: ноември – декември во 2026 година.
- остварена соработка со одговорните лица од „Проектот за унапредување на основното образование", во чии рамки е предвидена набавка на соодветен софтвер за електронско државно тестирање.
    - Време на реализација: континуирано во 2026 година.

## 5.3 ОБУКИ И ИСПИТ ЗА КАНДИДАТИ ЗА ДИРЕКТОРИ И НАПРЕДНИ ОБУКИ ЗА ДИРЕКТОРИ НА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА, СРЕДНИ УЧИЛИШТА, УЧЕНИЧКИ ДОМОВИ И ОТВОРЕНИ ГРАЃАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТИ ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ

Во Државниот испитен центар се организираат и координираат активностите за спроведување основна обука на кандидатите за директори на основни училишта, средни училишта, ученички домови и отворени граѓански универзитети за доживотно учење, како и организацијата и реализацијата на испитот за директори.

Главната цел на обуката за директори во Државниот испитен центар е професионално оспособување на директорите за имплементација на усвоените промени во образованието, односно за успешно раководење со ново и современо училиште.

Основната обука за кандидатот за директор се спроведува со цел кандидатот да се стекне со потребните професионални компетенции за успешно организирање, раководење на воспитно-образовната работа и администрирање на работата во училиштето. Основната обука е заедничка–единствена за сите кандидати, независно од нивната намера за понатамошно аплицирање за функцијата директор. Обуката се спроведува на македонски и на албански наставен јазик.

Со право на полагање испит се стекнува кандидатот кој успешно ја завршил основната обука за директор, односно присуствувал на обуката и успешно ги одбранил семинарските работи за сите шест модули.

Со следење на обуката и положување на испитот, кандидатите ги стекнуваат потребните знаења и практичните вештини од областа на образовниот менаџмент и педагошко-инструктивните дејности. Испитот се реализира во просториите на Државниот испитен центар, односно во просторија која ги исполнува условите за полагање согласно законските и подзаконските акти.

Лицата кои се назначени за директори на училишта и се здобиле со уверение за положен испит за директор имаат обврска континуирано во текот на 2026 година да се надградуваат и професионално да се усовршуваат.

Државниот испитен центар ќе ја спроведува и напредната обука за актуелните директори на основните училишта, средните училишта, ученичките домови и отворените граѓански универзитети за доживотно учење. Согласно Законот за обука и испитот за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење („Службен весник на Република Македонија" бр. 10/15, 145/15, 192/15, 30/16 и 120/18), директорот на училиште со положен испит за директор е должен континуирано да посетува напредна обука за професионално усовршување од најмалку 4 семинарски денови (32 часа) во текот на една година. Врз основа на членот 22, ставот 4 од посочениот Закон, обуките се предвидени според Програмата за напредна обука за директори.

Главна цел на програмата е надградување на веќе усвоените професионални компетенции на директорите во основните и средните училишта, ученичките домови и граѓанските универзитети за доживотно учење за континуирано и професионално усовршување во 2026 година, како и нивно ефективно користење во секојдневната работа за успешно раководење со училиштето/ученичкиот дом/граѓанскиот универзитет.

За сите кандидати кои се стекнале со уверение за положен испит за директор и за актуелните директори се води онлајн-база (регистар) која се наоѓа на веб-страницата на Државниот испитен центар. Базата е отворена за јавноста и обезбедува евиденција и достапност до основните податоци за кандидатите кои се стекнале со уверение за директори на основни училишта, средни училишта, ученички домови и отворени граѓански универзитети за доживотно учење.

**Активности:**

- објава на јавен повик (по потреба) и избор на обучувачи за основна обука;
- избор на обучувачи преку јавен оглас (по потреба);
- изготвување работни материјали за обука на директори на македонски и на албански јазик;
- изготвување прашања и теми за испит од обучувачите и ревидирање на 30 % од прашањата и темите, двапати во текот на годината;
- верификација на прашањата и темите од испитната комисија и нивно внесување во апликацијата за полагање испит;
- водење евиденција и документација за кандидатите кои ја следат основната обука (електронска база на податоци и досиеја во тврда копија);
- подготовка и организација на основните обуки за директори;
- организација и спроведување на испитот за директори на училишта;
- изготвување и издавање уверенија за положен испит за директор на училиште;

- изготвување дупликат уверенија по барање на кандидатите;
- изготвување онлајн-анкета за актуелните директори на училишта за нивните потреби, со предлог-теми за напредна обука;
- изготвување каталог со понудени теми за реализација на напредна обука на директори;
- изготвување известување (јавен повик) за пријавување на актуелни директори за следење на напредна обука;
- изготвување, изменување и дополнување на подзаконски акти и документи за напредна обука;
- подготовка и организација на напредните обуки за директори;
- водење евиденција и документација за кандидатите кои ја следат напредната обука (електронска база на податоци и досиеја во тврда копија);
- изготвување измени и дополнување на Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење (по барање на МОН);
- изготвување подзаконски акти (по потреба) во насока на квалитетна организација на обуките;
- изготвување извештаи за организирање и реализирање на обуките;
- изготвување извештаи за резултатите од испитот за директори;

- дополнување и ажурирање на онлајн-базата (регистарот) со податоци за директорите.

**Индикатори за постигнување на резултатите:**

- избрани обучувачи (по потреба) на македонски и на албански јазик за основна обука;
    - Време на реализација: по потреба во текот на 2026 година.
- изготвени работни материјали за сите кандидати кои се пријавиле и следеле основна обука за директори;
    - Време на реализација: континуирано во 2026 година.
- двапати ревидирани по 30 % од прашањата и темите за завршен семинарски труд за сите шест модули на основната обука;
    - Време на реализација: двапати во текот на 2026 година.
- верификувани ревидирани прашања и теми за завршен семинарски труд за испит на директори;
    - Време на реализација: двапати во текот на 2026 година.
- извршена евиденција на сите кандидати кои се пријавиле за обука и испит, за секој кандидат е отворено досие и архивирани се документите за нив;
    - Време на реализација: континуирано во 2026 година.
- подготвени и организирани основни обуки, по пријавување на група од најмалку 10 кандидати за секој јазик одделно (македонски и албански);
    - Време на реализација: континуирано во 2026 година.
- подготвени и реализирани минимум две испитни сесии за полагање испит за директор;
    - Време на реализација: континуирано во 2026 година.
- подготвени, архивирани и издадени уверенија за положен испит за сите кандидати кои го положиле испитот за директори;
    - Време на реализација: континуирано во 2026 година.
- издадени дупликат уверенија за положен испит за директори на оние кандидати кои го изгубиле уверението;
    - Време на реализација: по потреба, континуирано во 2026 година
- изготвена анкета за актуелните директори со предлог-теми за напредна обука;
    - Време на реализација: јануари 2026 година
- изготвен каталог со теми за напредна обука на директори за 2026 година;
    - Време на реализација: јануари 2026 година
- изготвени законски и подзаконски акти во насока на подобрување на процедурите за основната обука и испитот за кандидатите за директори;
    - Време на реализација: континуирано во 2026 година.
- изготвено известување (јавен повик) за пријавување на актуелните директори со важечко уверение и положен испит за директор за следење напредна обука и директорите се информирани за тоа;
    - Време на реализација: континуирано во 2026 година.
- реализирани напредни обуки за актуелните директори со важечко уверение за положен испит за директор;

  - Време на реализација: континуирано во 2026 година.
- изготвени извештаи за реализација на обуките на кандидатите за директори;
  - Време на реализација: декември 2026 година.
- изготвени извештаи за реализација на испитите на кандидатите за директори;
  - Време на реализација: континуирано во 2026 година
- ажурирана базата за лиценцирани лица и актуелни директори;
  - Време на реализација: континуирано во 2026 година.

## 5.4 СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА НАСТАВНИЦИ И СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ

Наставникот, односно стручниот соработник кој првпат се вработува во основно или средно училиште е наставник – приправник, односно стручен соработник – приправник. За време на приправничкиот стаж, приправниците се оспособуваат за самостојна воспитно-образовна или стручна работа преку стекнување на основните професионални компетенции.

По истекот на приправничкиот стаж, приправникот полага стручен испит кој го организира Државниот испитен центар преку стручни комисии за спроведување на приправничкиот испит формирани од директорот на Државниот испитен центар.

Целта на стручниот испит е да се провери дали кандидатот за време на приправничкиот стаж се оспособил за самостојно вршење на воспитно-образовната и стручната работа и дали ги совладал компетенциите кои се потребни за еден наставник/стручен соработник.

Стручниот испит се реализира во два испитни рока: пролетен и есенски.

Од 2026 година, согласно Законот за средното образование, стручен испит ќе полагаат и воспитувачите во средни училишта со ученички домови.

**Активности:**

- објава на јавен повик и избор на членовите на комисиите за полагање стручен испит од редот на вработените во училиштата (по потреба);
- изготвување известување (јавен повик) за полагање стручен испит за наставници и стручни соработници и негово поставување на веб-станицата на ДИЦ за секој испитен рок одделно;
- подготвување и организирање стручен испит во пролетниот и есенскиот испитен рок;
- примање, евиденција, архивирање и изготвување досиеја за кандидатите кои се пријавиле за полагање стручен испит за секој испитен рок;
- изготвување електронска база на податоци за сите кандидати кои се пријавиле за стручен испит во пролетниот и есенскиот испитен рок;
- изготвување извештаи за кандидатите кои не ги исполнуваат условите за полагање;
- изготвување известувања за кандидатите кои не ги исполнуваат условите и враќање на комплетната документација;
- спроведување стручен испит во јунскиот и августовскиот рок;
- изготвување записници од испитот за секој кандидат;
- изготвување извештаи за спроведените испити за сите предмети;
- изготвување извештаи за исплата на стручните комисии за сите предмети;
- изготвување и издавање уверенија за положен стручен испит;
- изготвување краток извештај за секоја испитна сесија;
- изготвување насоки и процедури за полагање стручен испит согласно новите подзаконски акти (по потреба).

**Индикатори за постигнување на резултатите:**

- објавен јавен повик и избрани членови на комисиите за полагање стручен испит од редот на вработените во училиштата (по потреба);
  - Време на реализација: по потреба во текот на 2026 година.
- изготвени известувања за пролетната и есенската испитна сесија;
  - Време на реализација: јануари – февруари 2026 година и август – септември 2026 година.

- евидентирани, архивирани и отворени досиеја на сите пријавени кандидати за стручен испит;
    - Време на реализација: февруари – април 2026 и септември – октомври 2026 година.
- организиран стручен испит за пролетната и есенската испитна сесија;
    - Време на реализација: март – април 2026 и октомври – ноември 2026 година.
- направена и ажурирана електронска база на податоци за сите кандидати кои се пријавиле за полагање стручен испит за пролетната и есенската испитна сесија;
    - Време на реализација: континуирано во 2026 година.
- разгледани и анализирани се сите документи на кандидатите кои се пријавиле за стручен испит;
    - Време на реализација: март – април и октомври – ноември 2026 година.
- изготвени извештаи и известувања за сите кандидати кои не ги исполнуваат условите за полагање стручен испит;
    - Време на реализација: март – април 2026 година и октомври – ноември 2026 година.
- спроведен стручен испит за сите кандидати кои ги исполнуваат условите за полагање во повеќе основни и средни училишта;
    - Време на реализација: март – април 2026 и октомври – ноември 2026 година.
- изготвени записници за сите кандидати кои полагале стручен испит од комисиите за стручен испит;
    - Време на реализација: април – мај 2026 и ноември – декември 2026 година.
- изготвени извештаи по предмети за сите кандидати кои се пријавиле за полагање стручен испит;
    - Време на реализација: април – мај 2026 и ноември – декември 2026 година.
- изготвени извештаи за исплата за сите членови на комисии кои учествувале во реализацијата на стручниот испит;
    - Време на реализација: април – мај 2026 и ноември – декември 2026 година.
- изготвени, архивирани и издадени уверенија за положен стручен испит за сите кандидати кои го положиле испитот;
    - Време на реализација: април – мај 2026 и ноември – декември 2026 година.
- изготвени квантитативни извештаи од полагањето на стручниот испит за пролетната и есенската испитна сесија;
    - Време на реализација: мај 2026 и декември 2026 година.
- изготвени насоки и процедури за полагање стручен испит за наставници и стручни соработници;
    - Време на реализација: март – април 2026 и октомври – ноември 2026 година.
- изготвени документи и формулари за полагање стручен испит за наставници и стручни соработници;
    - Време на реализација: март – април 2026 и октомври – ноември 2026 година.

## 5.5 МЕЃУНАРОДНИ СТУДИИ ЗА МЕРЕЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ (PISA, TIMSS, PIRLS, TALIS, ICCS, ICILS)

Преку учеството во меѓународните студии за мерење на постигањата на учениците се прибираат бројни податоци за образовните системи, наставните програми, наставниот процес, постигањата на учениците, работата на наставниците, како и за споредување на постигањата на учениците на меѓународно ниво. Поконкретно, целите на учеството на нашата држава во меѓународните студии се добивање валидни податоци, пред сè, за:

- нивото на постигања на учениците и позиционирањето на нашата држава во меѓународни рамки, како и постигањата на другите држави, кои се значајни за нас, за да се добие информација за начинот на изведување на образовниот процес во државите во кои се постигаат добри резултати;
- квалитетот на наставниот процес, подготовката на наставниците и нивниот професионален развој кај нас во споредба со другите држави;
- институционалното организирање на воспитно-образовната работа во образовните системи кои се различни од нашиот.

Државниот испитен центар во 2026 година планира да ги реализира следниве меѓународни студии:

- TIMSS (Trends in International Mathematics and Science Study);
- PIRLS (Progress in International Reading Literacy Study);
- PISA (Programme for International Student Assessment);
- TALIS (Teaching and Learning International Survey);
- ICCS (International Civic and Citizenship Education Study);
- ICILS (International Computer and Information Literacy Study).

- **TIMSS**

TIMSS (Trends in International Mathematics and Science Study) е меѓународна студија по математика и природната група предмети, која ги мери знаењата и способностите на учениците од четврто одделение. Преку прашалниците за ученици, наставници и директори се добиваат податоци за тоа како културната средина, наставната практика, целите на наставните програми и системското уредување на образованието влијаат врз постигањата на учениците.

Математичките знаења, како и знаењата и способностите по физика, хемија, биологија и географија, се клучни за интелектуалниот растеж на секој поединец– претпоставка за понатамошно успешно образование и професионален напредок. Целта на учеството на нашата држава во оваа студија е да се согледа колкаво е нивото на математичката писменост и писменоста по природните науки кај учениците на крајот од четвртото одделение, како и кои фактори влијаат врз тие постигања – значајни информации за творците на образовната политика и истражувачите во полето на образованието кај нас.

Мерењето на постигањата во оваа студија има две димензии: содржинска и когнитивна.

Резултатите од TIMSS2023 лонгитудиналната студија беа објавени на 9 декември 2025 година, а во 2026 година во план е изготвување и објавување национален извештај.

За таа цел, потребно е да се спроведат следниве **активности**:

- подготвување и објавување национален извештај за ТИМСС2023 лонгитудиналната студија;
- подготвување и објавување извештаи по училишта за ТИМСС2023 лонгитудиналната студија;
- редовно комуницирање со ИЕА во врска со TIMSS-студијата.

За TIMSS2027, согласно планот на IEA за спроведување на студијата, во 2026 е предвидено пробно тестирање во 36 основни училишта на примерок од околу 1.200 ученици, како подготовка за главното тестирање кое ќе се спроведе во 2027 година.

Поконкретно:

За пробното ТИМСС2027 тестирање, потребно е да се спроведат следниве активности:

- подготовка на апликација за избор на примерок на ученици за пробното тестирање;
- прибирање податоци од основните училишта за избор на примерок од 36 основни училишта и околу 1.200 ученици од четврто одделение кои ќе учествуваат во пробното тестирање;
- комуникација со избраните училишта за пробното тестирање, избор и обука на училишни координатори и тест-администратори за спроведување на тестирањето;
- превод и адаптација на упатствата за координаторите и тест-администраторите;
- превод и адаптација на упатството за оценување;
- подготовка на лаптопи и УСБ-уреди за учениците кои ќе бидат тестирани;
- печатење, пакување, дистрибуција и прибирање на прашалниците за родителите;
- спроведување на пробното тестирање во 36 основни училишта на примерок од околу 1.200 ученици;
- обука на оценувачите и спроведување на оценувањето;
- внесување на податоците од прашалниците за родителите;
- прибирање, прочистување и доставување на податоците од пробното тестирањето до ИЕА;
- редовна комуникација со ИЕА во врска со ТИМСС-студијата.

За главното ТИМСС2027 тестирање, потребно е да се спроведат следниве активности:

1. прибирање податоци од основните училишта за избор на примерок од 150 училишта и околу 5.500 ученици од четврто одделение кои ќе учествуваат во главното тестирање во 2027 година;
2. превод и адаптација на задачите за главното тестирање на македонски јазик и на албански јазик;
3. коректура и адаптација на прашалниците за ученици, наставници, директори и родители;
4. графичко уредување на прашалникот за родители.

**Индикатори за постигнување на резултатите:**

- подготвен и објавен национален извештај од TIMSS 2023 лонгитудиналната студија;
  - Време на реализација: јануари – септември 2026 година.
- подготвени и објавени извештаи по училишта од TIMSS 2023 лонгитудиналната студија;
  - Време на реализација: јануари – септември 2026 година.
- редовна комуникација со IEA во врска со TIMSS;
  - Време на реализација: континуирано во 2026 година.
- редовна комуникација со МОН во врска со TIMSS;
  - Време на реализација: континуирано во 2026 година.

  прибрани податоци и избран примерок од 30 училишта и околу 1 000 ученици од четврто одделение кои ќе учествуваат во пробното тестирање;
  - Време на реализација: јануари-февруари 2026 година.
- остварена комуникација со избраните училишта за пробното тестирање, избрани и обучени училишни координатори;
  - Време на реализација: февруари 2026 година.
- обучени тест-администратори;
  - Време на реализација: март 2026 година.
- преведени и адаптирани упатствата за координаторите и тест-администраторите;
  - Време на реализација: јануари 2026 година.
- подготвени лаптопи и УСБ-уреди за учениците кои ќе бидат тестирани;
  - Време на реализација: февруари 2026 година.
- преведено и адаптирано упатство за оценување;

  Време на реализација: март 2026 година.
- отпечатени, спакувани, дистрибуирани и прибрани прашалници за родителите;
  - Време на реализација: март 2026 година.
- спроведено пробно тестирање во 30 училишта на примерок од околу 1 000 ученици;
  - Време на реализација: март – април 2026 година.
- обучени оценувачи и спроведено оценување;
  - Време на реализација: април – мај 2026 година.
- внесени податоциод прашалниците за родителите;
  - Време на реализација: април 2026 година
- прочистени податоци од пробното тестирање;
  - Време на реализација: мај – октомври 2026 година.
- прибрани, прочистени и доставени податоци од пробното тестирањето до ИЕА;
  - Време на реализација: април – септември 2026 година.
- остварена редовна комуникација со ИЕА во врска со ТИМСС-студијата.
  - Време на реализација: континуирано во 2026 година.
- прибрани податоци од основните училишта и избран примерок од 150 училишта и околу 5.500 ученици од четврто одделение кои ќе учествуваат во главното тестирање во 2027 година;
  - Време на реализација: септември – декември 2026 година.
- преведени и адаптирани задачи за главното тестирање на македонски јазик и на албански јазик;
  - Време на реализација: септември – декември 2026 година.
- коригирани и адаптирани прашалници за ученици, наставници, директори и родители за главното тестирање;
  - Време на реализација: септември – декември 2026 година.
- графички уреден прашалник за родители за главното тестирање;
  - Време на реализација: декември 2026 година.

- **PIRLS**

PIRLS (Progress in International Reading Literacy Study) е меѓународна студија за мерење на постигањата на учениците во Читање со разбирање кај ученици од 9- до 10-годишна возраст. Оспособеноста за читање со разбирање кај секое дете обезбедува основа за понатамошно учење и развој, како и за вклучување во непосредната околина и пошироко во општеството. Целта на учеството во оваа студија е да се добијат валидни

податоци поврзани со читањето: процесот на разбирање, целите заради кои учениците читаат, како и навиките и ставовите кон читањето.

Во текот на 2026 година ќе се реализираа главното тестирање за ПИРЛС2026.

За главното PIRLS2026 тестирање потребно е да се спроведат следниве **активности**:

- прибирање податоци од 150 избрани основни училишта за избор на примерок од околу 4 000 ученици од четврто одделение кои ќе учествуваат во тестирањето;
- комуникација со избраните училишта за главното тестирање, избор и обука на училишни координатори и тест-администратори за спроведување на тестирањето;
- обука на одделенските наставници за користење на ослободените задачи од ПИРЛС со цел подобрување на постигањата на учениците;
- превод и адаптација на упатствата за координаторите и тест-администраторите;
- превод и адаптација на упатството за оценување;
- подготовка на лаптопи и УСБ-уреди за учениците кои ќе бидат тестирани;
- печатење, пакување, дистрибуција и прибирање на прашалниците за родителите;
- спроведување на главното тестирање во 150 училишта на примерок од околу 4 000 ученици;
- обука на оценувачите и спроведување на оценувањето;
- внесување на податоците од прашалниците за родителите;
- прибирање, прочистување и доставување на податоците од главното тестирањето до ИЕА;
- редовна комуникација со ИЕА во врска со PIRLS-студијата.

**Индикатори за постигнување на резултатите:**

- прибрани податоци и избран примерок од 150 училишта и околу 4 000 ученици од четврто одделение кои ќе учествуваат во тестирањето;
    - Време на реализација: јануари 2026 година.
- остварена комуникација со избраните училишта за пробното тестирање; избрани и обучени училишни координатори;
    - Време на реализација: јануари – февруари 2026 година.
- обучени одделенски наставници за користење на ослободените задачи од ПИРЛС со цел подобрување на постигањата на учениците;
    Време на реализација: февруари – март 2026 година.
- обучени тест-администратори;
    - Време на реализација: март 2026 година.
- преведени и адаптирани упатствата за координаторите и тест-администраторите;
    - Време на реализација: јануари 2026 година.
- подготвени лаптопи и УСБ-уреди за учениците кои ќе бидат тестирани;
    - Време на реализација: март 2026 година.
- преведено и адаптирано упатство за оценување;
    Време на реализација: март – април 2026 година.
- отпечатени, спакувани, дистрибуирани и прибрани прашалници за родителите;
    - Време на реализација: март – мај 2026 година.
- спроведено главно тестирање во 150 училишта на примерок од околу 4 000 ученици;
    - Време на реализација: април – мај 2026 година.
- обучени оценувачи и спроведено оценување;
    - Време на реализација: јуни 2026 година.
- внесени податоци од прашалниците за родителите;
    - Време на реализација: јуни 2026 година.
- прибрани, прочистени и доставени податоци од главното тестирањето до ИЕА;
    - Време на реализација: април – септември 2026 година.
- остварена редовна комуникација со ИЕА во врска со PIRLS-студијата.
    - Време на реализација: континуирано во 2026 година.

- PISA

PISA (Programme for International Student Assessment) е најголема светска меѓународна студија во образованието која ги мери способностите и знаењата на учениците на крајот на задолжителното образование, односно ја мери подготвеноста на учениците за живот на возраст од 15 години во три подрачја:

- Оспособеност за читање со разбирање – критички пристап во читањето пишани материјали;
- Математичка писменост–читање, интерпретирање и решавање даден проблем преку организирање и толкување на дадени информации и избир на метод за решавање;
- Писменост во природните науки – препознавање научни прашања, користење научни знаења, идентификување содржина во научни истражувања и поврзување на научните податоци со докази и заклучоци.

Во 2026 година, Центарот ќе ги анализира податоците од спроведеното тестирање од PISA циклусот во 2025 година. За таа цел потребно е да се спроведат следниве **активности**:

- прочистување и доставување на податоците од главното тестирањето од и до ОЕЦД;
- анализа на податоците добиени од ОЕЦД;
- подготовка на национален извештај за PISA 2025;
- редовна комуникација со ОЕЦД во врска со PISA-студијата.

**Индикатори за постигнување на резултатите:**

- прочистени и доставени податоци од главното тестирањето од и до ОЕЦД;
  - Време на реализација: јануари – април 2026 година.
- анализирани податоци од прашалниците за ученик и за училиште;
  - Време на реализација: јануари – април 2026 година.
- анализирани податоци за постигањата на учениците;
  - Време на реализација: јануари – мај 2026 година.
- подготвен национален извештај за ПИСА 2025;
  - Време на реализација: мај – декември 2026 година.
- остварена редовна комуникација со ОЕЦД во врска со PISA-студијата;
  - Време на реализација: континуирано во 2026 година.

**• TALIS**

TALIS (Teaching and Learning International Survey) е меѓународното истражување на ОЕЦД за настава и учење. Претставува најголемо меѓународно истражување за наставниците и директорите, работните услови, средините за учење, верувањата и практиките–и служи како глобален барометар на наставничката професија.

Во 2026 година е предвидено да се реализираат следниве **активности**:

- подготовка и објавување на национален извештај од објавените резултати од ТАЛИС- истражувањето;
- комуникација со ОЕЦД и ИЕА во врска со истражувањето ТАЛИС;
- комуникација со МОН во врска со истражувањето ТАЛИС.

**Индикатори за постигнување на резултатите:**

- подготвен и објавен национален извештај за резултатите од ТАЛИС-истражувањето;
  - Време на реализација: јануари – јуни 2026 година;
- остварена редовна комуникација со ИЕА и ОЕЦД во врска со ТАЛИС;
  - Време на реализација: континуирано во 2026 година.
- остварена редовна комуникација со МОН во врска со ТАЛИС;
  - Време на реализација: континуирано во 2026 година.

**• ICCS**

ICCS (International Civic and Citizenship Education Study) е меѓународна студија со која се оценуваат знаењата, ставовите и ангажманот на осмоодделенците, како и школувањето и наставниот контекст за граѓанско образование. Нашата земја се вклучи и во дополнителниот модул на ИЦЦС, кој ќе ги опфати учениците од втора година средно образование, кои ќе одговараат само на прашалници. За овој дополнителен модул, ДИЦ ќе добие 100 000 евра од Европската комисија. Учеството во ИЦЦС им обезбедува на земјите обемни, компаративни и функционални податоци и индикатори кои помагаат во следењето и обликувањето на образовните политики во овие области. Следниот циклус, ИЦЦС 2027 ќе се спроведува како целосно дигитално оценување. Овој начин на спроведување се смета за особено соодветен за младите луѓе , имајќи предвид дека

тие сè повеќе користат дигитални извори за добивање информации и за ангажман во граѓански активности преку социјалните медиуми и алатките базирани на интернет. Податоците од ИЦЦС се препознаени како главен постоечки извор на податоци за индикаторот SDG 4.7.4 на УНЕСКО – процент на ученици по возрасна група (или ниво на образование) кои покажуваат соодветно разбирање на прашањата поврзани со глобалното граѓанство и одржливоста.

За студијата ICCS 2027 е предвидено пробно тестирање во периодот од 19 февруари до 13 март 2026 година, во околу 30 основни училишта, на примерок од околу 1 000 ученици, како и подготовка за главното тестирање што ќе се спроведе во 2027 година.

За пробното тестирање ИЦЦС2027, потребно е да се спроведат следниве **активности**:

- подготовка за избор на примерок на ученици за пробното тестирање;
- прибирање податоци од основните училишта за избор на примерок од околу 25 училишта и околу 1 000 ученици од осмо одделение за пробното тестирање, како и по 15 наставници од училиште;
- прибирање податоци од средните училишта за избор на примерок од околу 25 гимназии и 25 средни стручни училишта и околу 1 000 ученици од втора година за пробното тестирање;
- комуникација со избраните училишта за пробното тестирање, обука на училишните координатори и тест-администраторите за спроведување на тестирањето;
- превод и адаптација на упатствата за координаторите и тест-администраторите;
- превод и адаптација на упатството за оценување;
- подготовка на лаптопи и УСБ-уреди за учениците кои ќе бидат тестирани;
- обука на оценувачите и спроведување на оценувањето;
- прибирање, прочистување и доставување на податоците од пробното тестирањето до ИЕА;
- редовна комуникација со ИЕА во врска со ИЦЦС-студијата.

За главното тестирање ICCS2027, потребно е да се спроведат следниве **активности:**

- прибирање податоци од основните училишта за избор на примерок од 150 училишта и околу 3 000 ученици од осмо одделение кои ќе учествуваат во главното тестирање во 2027 година;
- прибирање податоци од средните училишта за избор на примерок од 75 гимназии и 75 средни стручни училишта и околу 3 000 ученици од втора година кои ќе учествуваат во главното тестирање во 2027 година;
- превод и адаптација на задачите за главното тестирање на македонски јазик и на албански јазик за учениците од осмо одделение;
- коректура и адаптација на прашалниците за ученици, наставници и директори за осмо одделение за главното тестирање;
- коректура и адаптација на прашалниците за ученик и директор за втора година средно образование.
-

**Индикатори за постигнување на резултатите:**

За пробното тестирање ИЦЦС2027:

- избран примерок од околу 1 000 ученици;
  - Време на реализација: јануари 2026 година.
- избран примерок од по 15 наставници од секое од 30-те основни училишта за пробното тестирање;
  - Време на реализација: јануари 2026 година.
- избран примерок од околу 1 000 ученици од втора година за пробното тестирање;
  - Време на реализација: јануари 2026 година.
- остварена комуникација со избраните училишта за пробното тестирање, реализирана обука на училишните координатори и тест-администраторите за спроведување на тестирањето;
  - Време на реализација: јануари 2026 година.
- преведени и адаптирани упатства за координаторите и тест-администраторите;
  - Време на реализација: јануари 2026 година.
- преведени и адаптирани упатства за оценување;
  - Време на реализација: јануари – февруари 2026 година.
- подготвени лаптопи и УСБ-уреди за учениците кои ќе бидат тестирани;

- Време на реализација: јануари 2026 година.
- обучени оценувачи и спроведено оценување;
  - Време на реализација: март – април 2026 година.
- прибрани, прочистени и доставени податоци од пробното тестирањето до ИЕА;
  - Време на реализација: март – мај 2026 година.
- остварена редовна комуникација со ИЕА во врска со ИЦЦС-студијата.
  - Време на реализација: континуирано во 2026 година.

**Индикатори за постигнување на резултатите:**

<u>За главното тестирање ИЦЦС2027:</u>

- прибрани податоци од основните училишта за избор на примерок од 150 училишта и околу 3 000 ученици од осмо одделение кои ќе учествуваат во главното тестирање во 2027 година;
  - Време на реализација: септември – октомври 2026 година.
- прибрани податоци од средните училишта за избор на примерок од 75 гимназии и 75 средни стручни училишта и околу 3 000 ученици од втора година кои ќе учествуваат во главното тестирање во 2027 година;
  - Време на реализација: септември – октомври 2026 година.
- преведени и адаптирани задачи за главното тестирање на македонски јазик и на албански јазик за осмо одделение;
  - Време на реализација: септември – декември 2026 година.
- коригирани и адаптирани прашалници за ученици, наставници и директори за осмо одделение за главното тестирање;
  - Време на реализација: септември – октомври 2026 година.
- коригирани и адаптирани прашалници за ученик и директор за втора година средно образование.
  - Време на реализација: септември – октомври 2026 година.

<u>ICILS</u>

Користењето на ИКТ (информациско-комуникациска технологија) е составен дел од сите аспекти на секојдневниот живот, а образовните системи ја препознаваат суштинската вредност на дигиталната писменост. ICILS е меѓународна студија за компјутерска и информациска писменост од големи размери, која е целосно фокусирана на образованието за дигитална писменост и обезбедува мерки што можат да се користат за следење на промените во постигнувањата на учениците во развојот на вештините за компјутерска и информациска писменост (CIL) во 21 век.

ICILS ја спроведува Меѓународната асоцијација за евалуација на образовните постигнувања (International Association for the Evaluation of Educational Achievement–IEA), организација која на глобално ниво се занимава со анализа на образовните системи. Циклусите на ова меѓународно истражување беа спроведени во 2013, 2018 и 2023 година, при што секој од нив донесе одредени новини во следењето и евалуацијата, сè со цел да се одржи чекор со развојот и иновациите во дигиталниот свет и технологиите. Како меѓународно и компаративно истражување, ICILS систематски ја следи подготвеноста на учениците од осмо одделение за живот во ерата на дигиталните технологии, проценувајќи ги нивните способности за користење на информациско-комуникациските технологии (ИКТ) за различни цели, на начини што ја надминуваат основната употреба на ИКТ. Целната популација на ICILS ги опфаќа учениците од осмо одделение, односно учениците на возраст од приближно 13,5 години. Овој вид писменост се однесува на способноста на учениците да користат компјутери за истражување, создавање и комуникација, со цел ефективно учество во домот, училиштето, на работното место и во заедницата.

ICILS им обезбедува на образовните системи и на творците на политики значаен извор на податоци за контекстот и резултатите од образовните програми поврзани со CIL.

РС Македонија првпат ќе учествува во ова меѓународно истражување, најпрвин преку пробното тестирање, а потоа и преку главното тестирање.

Во 2026 година ќе се спроведат следните активности за пробното тестирање:

- учество во подготовката на меѓународните инструменти (тестови, прашалници и упатства);
- превод на меѓународните инструменти на македонски и на албански јазик;

- прибирање податоци за учениците од VIII одделение во основното образование и избор на примерок од училишта и ученици кои ќе учествуваат во пробното тестирање.

**Индикатори за постигнување на резултатите:**

- учество во подготовката на меѓународните инструменти (тестови, прашалници и упатства);
    - Време на реализација: јануари – септември 2026 г.
- превод на меѓународните инструменти на македонски и на албански јазик;
    - Време на реализација: септември – декември 2026 г.
- прибрани податоци за учениците од VIII одделение во основното образование и избран примерок на училишта и ученици кои ќе учествуваат во пробното тестирање.
    - Време на реализација: јуни – декември 2026 г.

## 5.6 НОРМАТИВНО-ПРАВНО РАБОТЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Со цел реализација на активностите предвидени со Програмата за работа на Центарот, ќе се работи на изготвување поединечни и општи нормативно-правни акти, решенија, договори и други документи, како и административни работи за потребите на Центарот. Активно ќе се учествува во изработката на предлог-законски решенија од делокругот на работа на Центарот, како и на други подзаконски акти од областа на образованието.

Исто така, ќе се работи на зајакнување на капацитетите на Центарот, ќе се изготви годишен план за вработување согласно потребите и ќе се спроведат постапки за негова реализација. Ќе се изготви и План за генерички и специјализирани обуки за административните службеници во Центарот.

**Индикатори за постигнување на резултатите:**

- учество во изработката на законски и подзаконски акти од делокругот на работата на Центарот и изготвување предлог-измени и дополнување на одделни закони и правилници;
    - Време на реализација: континуирано во 2026 година.
- подготвени поединечни и општи акти (одлуки, решенија, наредби, извештаи, укажувања и сл.) за засновање работен однос, за плата, за престанок на работен однос, за службено патување во странство, за службено отсуство, годишен одмор, платено и неплатено отсуство од работа, прекувремена работа, ноќна работа и државни празници, за мирување на работен однос, расходување на основните средства и ситен инвентар, постапки за утврдување на вредност на канцелариски мебел и информатичка опрема, за попис на магацинот, попис на благајната, редовен и вонреден попис на основните средства и ситниот инвентар на Центарот и сл.;
    - Време на реализација: континуирано во 2026 година.
- подготвени договори за надворешни соработници по основ на јавни набавки;
    - Време на реализација: континуирано во 2026 година.
- подготвени јавни огласи за избор на надворешни соработници и спроведени постапки по распишаниот конкурс до конечноста на одлуката за избор, изготвени договори со ангажираните надворешни соработници поврзани со дејноста на Центарот и низа други проектни активности;
    - Време на реализација: континуирано во 2026 година.
- подготвени барања за вработувања согласно Правилникот за систематизација на работните места на Центарот и Годишниот план за вработување во јавниот сектор и спроведени постапки по распишан јавен оглас до конечноста на одлуката за избор;
    - Време на реализација: континуирано во 2026 година.
- ажурирани податоци за вработените во Регистарот на вработените во јавниот сектор, пресметани годишни оценки на вработените и изречени се мерки за одличен и слаб ефект;
    - Време на реализација: континуирано во 2026 година.
- воспоставен систем за управување со ефектот на административните службеници;
    - Време на реализација: континуирано во 2026 година.
- водење дисциплински постапки поради дисциплинска неуредност и дисциплински престап;

- Време на реализација: по потреба.
- изготвен план за генерички и специјализирани обуки за административните службеници во Центарот;
  - Време на реализација: континуирано во 2026 година.
- спроведена постапка за унапредување и мобилност на вработените до конечноста на одлуката за избор, согласно законските прописи.
  - Време на реализација: континуирано во 2026 година.

## 5.7 ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Државниот испитен центар, согласно законските прописи, ќе врши планска распределба на финансиските средства по одделни активности, предвидени со Годишната програма, Финансискиот план и Планот за јавни набавки за 2026 година. Континуирано во 2026 година ќе бидат следени сите доспеани обврски на Центарот, нивна навремена исплата согласно одобрениот буџет и ќе се врши пренамена на средствата во согласност со потребите на Центарот. Активностите на одделението ќе се извршуваат ажурно и уредно следејќи го законското финансиско и материјално работење на институцијата.

Согласно одобрениот буџет на Центарот, за ефикасно и ефективно работење во тековната година ќе се изготви Годишен план за јавни набавки по видови стоки, услуги и работи и ќе се спроведат соодветни постапки согласно закон за негова реализација. На почетокот на 2026 година ќе се изготви годишна сметка на Центарот за претходната година, која ќе биде проследена до Управата за јавни приходи, Централниот регистар и Државниот завод за ревизија.

Секој месец ќе се врши пресметка на платите на вработените во Центарот.

На крајот на календарската година ќе се спроведе попис и ќе се утврди состојбата која ќе биде усогласена со материјалното сметководство на Центарот. Ќе се изврши порамнување на магацинската со книговодствената евиденција, како и книговодствено усогласување на извршените пописи. Ќе се направи пресметка на амортизација и ревалоризација. Исто така, ќе се изготви и годишен извештај за остварените бруто-приходи, платениот данок и придонеси и вкупната нето-плата, како и финансиски извештаи и бруто-биланс за изготвување на годишната завршна сметка.

Во текот на целата година ќе се следи реализацијата на финансиските средства одобрени со буџетот и, по потреба ,ќе се врши нивна пренамена.

Ќе се обезбеди финансиско и материјално работење на Центарот, согласно позитивните законски прописи.

**Индикатори за постигнување на резултатите:**

- пресметка на плати за вработените во Центарот;
  - Време на реализација: континуирано во 2026 година.
- изготвен План за јавни набавки за 2026 година и спроведени се постапки за минимум 80 % од јавните набавки согласно позитивните законски прописи;
  - Време на реализација: континуирано во 2026 година.
- изготвена годишна завршна сметка на Центарот;
  - Време на реализација: февруари 2026 година.
- изготвен годишен извештај за остварени бруто-приходи, платен данок и придонеси и вкупна нето-плата;
  - Време на реализација: февруари – март 2026 година.
- исплатени надоместоци за претседателот и членовите на Управниот одбор, Државниот матурски одбор, Комисијата за полагање испит за директор, комисиите за стручни испити;
  - Време на реализација: континуирано во 2026 година.
- исплатени надоместоци за ангажирани надворешни соработници;
  - Време на реализација: континуирано во 2026 година.
- исплатени фактури за комунални услуги, како и фактури по основ на јавни и други набавки;
  - Време на реализација: континуирано во 2026 година.
- изработени касови извештаи;
  - Време на реализација: континуирано во 2026 година.
- извршено контирање и книжење на целокупната финансиска документација и водење синтетичка и аналитичка евиденција.

- Време на реализација: континуирано во 2026 година.

## 5.8 ЗАЕДНИЧКИ И ОПШТИ РАБОТИ

Со цел реализација на активностите предвидени со Програмата за работа на Центарот, а согласно Финансискиот план за 2026 година, ќе се набавува и инсталира соодветна техничка опрема и соодветни софтверски решенија за подобрување на техничките капацитети на Центарот.

Ќе се изработат репрезентативни материјали со логото и името на Центарот за кандидатите за директори и за други соработници на Центарот. Технички ќе се уредуваат и печатат сите тековни службени документи на Центарот во текот на целата година. Центарот ќе работи и на обезбедување законски согласности за уништување на употребен и неупотребен испитен материјал и останат документиран материјал.

Во делот на промоција на Центарот и информирање на јавноста за активностите кои се извршуваат, ќе се преземат низа активности: јавни дебати, трибини и прес-конференции, како и доставување информации до електронските медиуми.

**Индикатори за постигнувањата на резултатите:**

- ажурирана веб-локацијата на Центарот и веб-локацијата за матура;
  - Време на реализација: континуирано во 2026 година.
- извршени стручно-административни и технички работи од делокругот на работата на Центарот;
  - Време на реализација: континуирано во 2026 година.
- примени и заверени административни пратки, информации, одлуки, решенија, договори и други акти во деловодникот;
  - Време на реализација: континуирано во 2026 година.
- доставени поштенски пратки до вработените;
  - Време на реализација: континуирано во 2026 година.
- класирани поштенски пратки за експедиција;
  - Време на реализација: континуирано во 2026 година.
- обезбедени простории и опрема на Центарот.
  - Време на реализација: континуирано во 2026 година.

## 6. СОРАБОТКА

Државниот испитен центар континуирано во 2026 година ќе соработува со бројни меѓународни и домашни институции:

- соработка со ИЕА (International Association for the Evaluation of Educational Achievement), ОЕЦД (Organisation for Economic Cooperation and Development), Канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје, Канцеларијата на Европската Унија во Скопје, Канцеларијата на Советот на Европа во Скопје, МЦГО, Светска банка и центрите во државите од регионот кои се занимаваат со дејности сродни со дејностите на ДИЦ.
- соработка со Владата на Република Северна Македонија, Министерството за образование и наука, Министерството за дигитална трансформација, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за финансии, Бирото за развој на образованието, Државниот просветен инспекторат, Центарот за развој на стручното образование, Центарот за образование на возрасни, сите основни и средни училишта, како и високо-образовни и сродни установи и институции во и надвор од државата и др.

Државниот испитен центар во 2026 година, преку Министерството за образование и наука, континуирано ќе соработува и со Министерството за европски прашања и ќе доставува редовни извештаи за својата работа како придонес кон Извештајот на Европската комисија за напредокот на РСМ. Центарот, исто така, ќе учествува и во сите активности поврзани со Поглавјето 26: Образование и култура.

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
**ДИРЕКТОР**

*м-р Даниела Јовчевска-Михајловска*

## ПРИЛОГ: ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ДРЖАВНИОТ ИСПИТЕН ЦЕНТАР ЗА 2026 ГОДИНА

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
QENDRA SHTETËRORE E PROVIMEVE
Бр.-Nr. 05-480/3
30.12. 2025 год.-viti
Скопје-Shkup

**Прилог 1**

## Финансиски план за реализација на активностите во програма за за работа на Државниот испитен центар согласно Буџетот за 2026 година

**3 ПОДГОТОВКА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДРЖАВНА МАТУРА** **58.732.000**

| Ставка | | Износ |
|---|---|---|
| | **Програма 30** | |
| | **ПОДГОТОВКА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДРЖАВНА МАТУРА** | **38.402.000** |
| 40 | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **23.352.000** |
| 401 | Основни плати | **16.544.000** |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | **6.430.000** |
| 404 | Надоместоци за годишен одмор (регрес) | **378.000** |
| 42 | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **14.300.000** |
| 420 | Патни и дневни расходи | **400.000** |
| | Патувања на вработените | 400.000 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | **1.000.000** |
| | Водовод и канализација | 100.000 |
| | Централно греење | 330.000 |
| | Пошта | 150.000 |
| | Телефон и телефакс | 150.000 |
| | Други трошоци за комуникација (интернет) | 80.000 |
| | Горива и масла | 190.000 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | **1.500.000** |
| | Канцелариски материјали | 1.500.000 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | **700.000** |
| | Поправки и сервисирање на лесни коли | 50.000 |
| | Поправка и одржување на хардвер и софтвер | 550.000 |
| | Поправка и одржување на машини | 100.000 |
| 425 | Договорни услуги | **10.000.000** |
| | Осигурување на моторни возила | 20.000 |
| | Осигурување на имот | 80.000 |
| | Надоместоци за повремено ангажирани лица за државната матура, државна стручна матура, државна уметничка матура (матурски предметни комисии, преведувачи, независни читачи, локални координатори, оценувачи, лица ангажирани за комјутерска евиденција, скенирање, верификација и дистрибуција, повремено ангажирани лица за спроведување на матура) | 4.820.000 |
| | Сместување на оценувачи | 400.000 |
| | Дистрибуција на испитен материјал | 1.400.000 |
| | Управен одбор | 960.000 |
| | Државен матурски одбор | 900.000 |
| | Услуга за одржување на хигиената | 480.000 |
| | Надворешни лица договор на дело | 940.000 |
| 426 | Други тековни расходи | **700.000** |
| | Учество на семинари и конференции | 100.000 |
| | Објавување конкурси за разни соработници | 100.000 |
| | Расходи за репрезентација | 200.000 |
| | Други оперативни расходи ( персонален данок) | 300.000 |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| **46** | **Субвенции и трансфери** | **100.000** |
| 464 | Разни трансфери | 100.000 |
| | Други трансфери | 100.000 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **650.000** |
| 482 | Други градежни објекти | 250.000 |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 400.000 |
| | **Програма 32** | |
| | **МЕЃУНАРОДНИ ТЕСТИРАЊЕ** | **19.350.000** |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **19.350.000** |
| 420 | Патни и дневни расходи | **400.000** |
| | Патувања на вработените во странство | 200.000 |
| | Дневници за службени патување во странство | 200.000 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | **200.000** |
| | Пошта | 90.000 |
| | Други трошоци за комуникација-интернет | 40.000 |
| | Транспорт на луѓе | 70.000 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | **250.000** |
| | Канцелариски материјали | 250.000 |
| 425 | Договорни услуги | **1.500.000** |
| | Средства за: реализација на главното тестирање и оценувањето за ПИРЛС2026, реализација на пробните тестирања и оценувања за ИЦЦС2027, подготовка и реализација на пробно ТИМСС2027 тестирање, подготовка на главно ТИМСС 2027 тестирање, подготовка и реализација на пробно ICILS 2028 , подготовка на главно ICILS 2028 тестирање, компјутерски внес на прашалниците за родители од главното тестирање за ПИРЛС2026. | 1.500.000 |
| 426 | Други тековни расходи | **17.000.000** |
| | Членарини во меѓународни организации | 17.000.000 |
| | **Програма 33** | |
| | **НАЦИОНАЛНО ТЕСТИРАЊЕ** | **980.000** |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **980.000** |
| 420 | Патни и дневни расходи | **100.000** |
| | Патувања на вработените во земјата | 100.000 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | **150.000** |
| | Канцелариски материјали | 150.000 |
| 425 | Договорни услуги | **500.000** |
| | Средства за изработка на ајтеми, тестови, прашалник за ученик, прашалник за родител, прашалник за наставник, прашалник за директор, графичка подготовка на тестови и прашалници, организирање на тестирањата, оценување на тестовите, компјутерски внес на тестови и прашалници. | 500.000 |
| 426 | Други тековни расходи | **230.000** |
| | Учество на семинари и конференции | 170.000 |
| | Данок на плати и други лични примања | 60.000 |

**Директор**
**м-р Даниела Јовчевска Михајловска**
____________________

Изготвил: Иљир Синани____________

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
QENDRA SHTETËRORE E PROVIMEVE
Скопје-Shkup

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
QENDRA SHTETËRORE E PROVIMEVE
Бр.-Nr. 05-430/4
30.12. 2025 год.-viti
Скопје-Shkup

Прилог 2

**Финансиски план за самофинансирачката сметка 787 за реализација на активностите во програма за работа на Државниот испитен центар согласно Буџетот за 2026 година**

| Ставка | | Износ |
|---|---|---|
| | **Програма 30** | |
| | **ПОДГОТОВКА И РЕАЛИЗАЦИЈА** | **9.300.000** |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **3.500.000** |
| 401 | Основни плати | **2.521.000** |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | **979.000** |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **5.500.000** |
| 420 | Патни и дневни расходи | **200.000** |
| | Патни расходи | 50.000 |
| | Патување во странство - дневници | 150.000 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | **200.000** |
| | Водовод и канализација | 30.000 |
| | Централно греење | 50.000 |
| | Пошта | 60.000 |
| | Телефон и телефакс | 30.000 |
| | Регистрација на моторни возила | 30.000 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | **400.000** |
| | Канцелариски материјали | 10.000 |
| | Списанија, весници и други изданија | 30.000 |
| | Прехранбени продукти и пијалоци | 120.000 |
| | Средства за одржување на хигиена | 220.000 |
| | Ситен инвентар | 20.000 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | **400.000** |
| | Поправки и сервисирање на лесни коли | 60.000 |
| | Поправка и одржување на машини | 280.000 |
| | Поправка и одржување на друга опрема | 30.000 |
| | Дезинфекција, дезинсекција и дератизација | 30.000 |
| 425 | Договорни услуги | 4.000.000 |
| | Надоместоци за повремено ангажирани лица за: обучувачи за основна и напредна обука на директорите, комисија за испити за директори, администратор на испит, лица за прием и разгледување на документи од кандидати за директори, лица за разгледување на приговори од матура, комисиите за стручни испитии | 2.000.000 |
| | Изнамување на друг на простор | 1.800.000 |
| | Други договорни услуги | 200.000 |
| 426 | Други тековни расходи | 300.000 |
| | Расходи за репрезентација | 20.000 |
| | Учество на семинари и конференции | 170.000 |
| | Објавување огласи и конкурси за разни соработници | 60.000 |
| | Други оперативни расходи ( персонален данок) | 50.000 |

| | | |
|---|---|---|
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **300.000** |
| 482 | Други градежни објекти | 300.000 |
| | Рекуструкција на други објекти | 300.000 |

**Директор**
**м-р Даниела Јовчевска Михјаловска**

Изготвил: Иљир Синани

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
QENDRA SHTETËRORE E PROVIMEVE
Бр.-Nr. 02-481/2
29.12.2025 год.-vit
Скопје-Shkup

Врз основа на член 7 став 1 алинеја 2 од Законот за Државниот испитен центар („Службен весник на Република Македонија" бр. 142/08, 148/09, 41/14, 55/16, 142/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 59/25), член 13 став 1 алинеја 9 и член 14 став 7 од Статутот на Државниот испитен центар бр.01-9/1 од 23.11.2009 година, бр.02-34/1 од 14.1.2011 година и бр.01-228/2 од 6.5.2015 година, Управниот одбор на Државниот испитен центар на 198-та седница одржана на ден 29.12.2025 година, донесе

# ОДЛУКА

## за донесување на Програмата за работа на Државниот испитен центар за 2026 година и Финансискиот план за реализација на активностите во Програмата за работа на Државниот испитен центар за 2026 година

1. Со оваа одлука се донесува Програмата за работа на Државниот испитен центар за 2026 година и Финансискиот план за реализација на активностите во Програмата за работа на Државниот испитен центар за 2026 година.
2. Се задолжуват службите на Државниот испитен центар да ја достават Програмата за работа на Државниот испитен центар за 2026 година и Финансискиот план за реализација на активностите во Програмата за работа на Државниот испитен центар за 2026 година до Министерството за образование и наука и до Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до **31.1.2026 година**.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Согласно со член 7 став 1 алинеја 2 од Законот за Државниот испитен центар и член 13 став 1 алинеја 9 од Статутот на Државниот испитен центар, Управниот одбор на Државниот испитен центар ја донесува Годишната програма за работа на Државниот испитен центар и ја доставува до Министерството за образование и наука и до Владата на Република Македонија, најдоцна до 31 јануари.

Управниот одбор на Државниот испитен центар, на седницата одржана на 29.12.2025 година, го разгледа текстот на Предлог-Програмата за работа на Државниот испитен центар за 2026 година бр. 01-481/1 од 26.12.2025 година и Финансискиот план за реализација на активностите во Програмата за работа на Државниот испитен центар за 2026 година бр. 05-480/1 од 26.12.2025 година и бр. 05-480/2 од 26.12.2025, составен дел на истата.

**Со оглед на горенаведеното, присутните членови на Управниот одбор едногласно ја донесоа Програмата за работа на Државниот испитен центар за 2026 година и Финансискиот план за реализација на активностите во Програмата за работа на Државниот испитен центар за 2026 година.**

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
QENDRA SHTETËRORE E PROVIMEVE
Скопје-Shkup

Претседател на Управниот одбор на
Државниот испитен центар

*Hikmete Selmani*